**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на масло за горење – ecктра лесно 1 (ЕЛ-1).

За таа цел, Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 64, став 2 и член 121, став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија",бр. 136/07, 130/08, 97/10 и 53/2011), за што објави оглас број **04/2011**.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни доставаат понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **1.11.2011 година, до 12,00 часот,** по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии, на адреса ул. "Мито Хаџивасилев Јасмин" бб (поранешна зграда на НИП „Нова Македонија") во Скопје.

Тендерската документација е прикачена кон огласот број **04/2011** и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно од ВЕБ страницата: https://e-nabavki.gov.mk. Тендерската документација ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата и се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на горенаведената поштенска адреса или на следнива електронска адреса: borce.smilevski@finance.gov.mk.

Сите одговори на поставени прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување. Исто така, и евентуалните измени на тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, а измените ќе бидат објавени и на ВЕБ страницата https://e-nabavki.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на до **1.11.2011 година, во 12,00 часот**, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин", бб (поранешна зграда на НИП "Нова Македонија"), I кат, во салата за состаноци.

Заедно со понудата задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 3% од вкупната вредност на понудата без вклучен данок на додадена вредност.

Благодариме за соработката!

**Во Скопје, 5.11.2011 година**

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Борче Смилевски**